Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 09-496/2
30. 11. 2023 год.
ГРАДСКО

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Г2.3 – индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси на КП 760/2, КО Градско – Општина Градско |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Одделение за урбанизам - Општина Градско |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Градоначалник на Општина Градско |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Јован Матески, Друштво за трговија, градежништво и услуги МАТЕСКИ АРХИТЕКТИ увоз-извоз ДООЕЛ Битола |
| Назив на работното место | Урбанистички планер |
| Контакт податоци за лицето | МАТЕСКИ АРХИТЕКТИ ДООЕЛ Битола<br>ул.Партизанска бр.23 Битола,<br>Тел/факс 070-850-389 |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | | |
| Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20 и 111/23) | | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | | |
| Да☒ Не☐ | | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? | | | |
| Не се вршат измени на постоечки плански документ | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. | | | |
| Да, урбанистичко планирање, донесување на УП. | | | |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) | | | |
| Да☒ Не☐ | Член: 4 | Точка: 13 | Алинеја: / |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | | |
| Се планира изградба на фабрика за склопување на готови челични делови. | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. | | | |
| Се работи за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Г2.3 - индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси на КП 760/2, КО Градско, со големина на опфат од 2,98 ха. Намената на просторот во рамките на планскиот опфат содржи: Г2.3 – индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси и неизградено земјиште. | | | |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. | | | |
| Цел на изработка на предметниот Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план е да се изврши урбанизација со следнава наменска употреба на земјиштето:Г2.3 - индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси на КП 760/2, КО Градско, со големина на опфат од 2,98 ха. Намената на просторот во рамките на планскиот опфат содржи: Г2.3 – индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси и неизградено земјиште. Со урбанизација на конкретниот опфат ќе се овозможи задоволување на потребите на инвеститорот за изградба на индустриски објект од лесна и незагадувачка индустрија – производство на метални ладно обликувани челични профили.<br>Со изградба на индустрискиот објект од лесна и незагадувачка индустрија ќе придонесе и ќе се обезбеди планиран и контролиран развој на предметниот простор, | | | |

| |
|---|
| економски развој на поширокот подрачје. Со предвидената изградба на овие објекти нема да се предизвика загадување на животната средина. Сите предизвикани влијанија на истата ќе бидат во согласност и со целосно почитување на позитивната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, Условите за планирање на просторот У23623 и издаденото Решение од Министерството за животна средина и просторно планирање со број УП1-15 1584/2023. |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Планирање на просторот |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| / |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| / |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Просторот дефиниран со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Г2.3 - индустрсики згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси на КП 760/2, КО Градско - Општина Градско, со својата местоположба припаѓа на територија на Општина Градско. Планскиот опфат зафаќа површина од 2,98 ха и истиот е дефиниран со следниве граници: на север граничи со КП 760/1, на исток граничи со КП 760/1, на југ граничи со КП 759 (пристапен пат - секундарна улица) и на запад граничи со КП 906/2. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☒<br>Не ☐ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Планскиот документ има ново дефинирана намена, но со постојната инфраструктура ќе има одредени влијанија врз животната средина, од причини што планскиот документ се однесува за наменската зона дефинирана како зона на Г2.3 - индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси, во кои се врши дејност утврдена во подзаконските акти. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влјанијата; | Со планирање на просторот ќе се зголеми процентот на изградено земјиште во однос на неизградено, заради тоа што во самата зона постојат неизградени површини кои се планираат со намена Г2.3 - индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси. Времетраењето на влијанието е краткотрајно во фаза на градба на објектите, доколку е континуирано ќе биде регулирано по Законот за животна средина. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Ако се има во предвид дека планираниот опфат има намена на просторот - Г2.3 - индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси, инфраструктура итн. , се очекува перспективно да се развијат дејности кои не се со кумулативно влијание врз животната средина ако соодветно се управува со отпадот кој што ќе се создава, соодветно се управува со емисиите во воздух, доколку се работи за изградба на одредени производни објекти кои користат енергенси во производниот процес како и со отпадните води кои ќе се создадат од вршење на дејностите. Да се предвидат мерки за други влијанија кои би се создале од површините со намена Г2. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Поголеми субјекти во зоната со намена Г2.3 подлежат на обезбедување на елаборати за заштита на животна средина, во чија програма за заштита ќе се предвидат мерки за заштита. |

<table>
<tr><td>Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).</td><td>Планскиот опфат за кој се изработува Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Г2.3 - индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси на КП 760/2, КО Градско - Општина Градско.<br>Вкупната површина што ја зафаќа планскиот опфат изнесува 2,98 ха.<br>Популацијата која ќе биде засегната од донесување на УП се состои од вработените во производните објекти.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Подобрување на локалниот економски развој, отворање на нови работни места, подобрување на социјална состојба на населението во делот со намена Г2.3 се позитивни влијанија.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Не се очекува.</td></tr>
<tr><td>Посебни природни карактеристики или културно наследство</td><td>Според податоци добиени од Управата за заштита на културното наследство Скопје, констатирано е дека во границите на опфатот не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претстатуваат културно наследство, со напомена доколку при реализацијата на планот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на РМ бр. 20/04, 71/14, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14 и 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).</td></tr>
<tr><td>Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности</td><td>Не се очекуваат. Тие ќе бидат следени од страна на надлежни органи.</td></tr>
<tr><td>Интензивна употреба на земјиштето</td><td>Се работи за градежно земјиште.</td></tr>
<tr><td>Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.</td><td>Не се евидентирани.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:</td></tr>
</table>

| |
|---|
| Со изготвување на Извештај за стратегиска оцена ќе се даде рамка за идното спроведување на активности во планскиот опфат. |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Во опфатот се предвидува изградба на нов објект со намена Г2.3 - индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси, дел од лесна и незагадувачка индустрија. Во дефинирање на просторната организација на планот важно е дефинирање на сообраќајната мрежа, потребите за енергија, водоснабдување, одведување на урбани отпадни води преку почитување на законската регулатива. |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>Со донесување на планот ќе се обезбеди повисока организација на просторот. |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>При спроведување на планскиот докуемент со доследно спроведување на идниот основен проект за изградба на објект ќе се изработи Елаборат за животна средина. Мерките особено ќе се имаат во предвид при имплементирање на планот. |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Планскиот документ е во корелација со Просторниот план на РМ. |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>Нема спроведено претходна оценка. |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Сите можни влијанија ќе се вградат и опишат во Елаборатот за животна средина при поднесување на Основен проект за изградба. |

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник на Општина Градско<br>Кире Нацков |
| Датум 29.11.2023<br>Место Велес | М.П. |